Бр./Nr______
19 -06- 2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-9395/1 од 29.11.2022 година, оформен по пријава со наводи за постоење на неправилности при спроведување на постапка за доделување на дивеч во ловиштата на користење по пат на концесија, поднесена од првното лице ЗЛ --------- – -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите и на 83-та седница одржана на ден 27.02.2023 година има донесено Одлука од своја надлежност, заведена со архивски број 12-9372/2 од 01.03.2023 година.

Предметот со број 12-9395/1 од 29.11.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, на ден 29.11.2022 година, поднесена е пријава со наводи за постоење на неправилности при спроведување на постапка за доделување на дивеч во ловиштата на користење по пат на концесија и оформен е предмет број 12-9395/1 од 29.11.2022 година.

Во пријавата е наведено дека подносителот ЗЛ -------- – --------------- учествувал на Јавен повик за доделување на дивеч во ловиштата на користење по пат на концесија, врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија објавен во „Службен Весник на РСМ“ бр.93/22. Јавниот повик бил предвиден за ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево.

На ден 04.11.2022 ЗЛ ------- -------- добил Известување број ----------/--, дека нивната Понудата заведена со архивски број -------/--- била отфрлена.

Понатаму во текот на постапката по јавен повик ЗЛ ------------ електронски бил известен дека треба да учествува во електронската аукција и за која добил лозинка за учество.

Здружението на ловци ------------ учествувало на аукцијата која била одржана по електронски пат, по што на ден -------- добило известување дека одржаната аукција не е важечка.

Пријавителот наведува дека од овој момент не биле веќе известени за понатамошниот тек на целата постапка.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста фактографија на наводи со предметните наводи и веќе се има произнесено по однос на истите, по што на 83-та седница одржана на ден 27.02.2023 година има донесено Одлука од своја надлежност, заведена со архивски број 12-9372/2 од 01.03.2023 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Катица Николовска**